# ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА КВОТИ ПО АПТЕКИ

По спроведените контроли од страна на ФЗОМ за утврдување на состојбата со снабденоста на лекови од позитивната листа, како и добиените податоци за искористеност на квотите од првиот квартал од 2010 година, Фондот донесе одлука да направи прераспределување на месечната квота на лекови со тоа што ќе ги зголеми количините од овие лекови во аптеки во 12 градови ширум земјата (Скопје, Берово, Битола, Валандово, Крива Паланака, Неготино, Охрид, Ресен, Струмица, Штип, Пробиштип и Велес) каде е утврдено дека постои поголема побарувачка отколку првично предвидената количина согласно новиот Правилник, односно каде поголемиот дел од аптеките во април ги искористиле предвидените квоти.

Се работи за 60 милиони денари кои што на републичко ниво не биле искористени од дадените квоти за лекови во првиот квартал од 2010 година. Истите ќе бидат распределени каде што се покажа дека има потреба по постојниот Правилник, и тоа 30 милиони денари во мај и 30 милиони денари во јуни.

Со овој чекор покажуваме дека остануваме посветени на нашите осигуреници, и дека секојдневно работиме за подобрување на ситуацијата за снабденост на аптеките со лекови од позитивна листа, односно лекови на рецепт, како и дека ФЗОМ на редовна, ако треба и месечна основа ќе ги ревидира квотите со цел – достапност на лекови за сите.